**УДК 316.723-021.463:37**
*(прегледен труд)*

# ЗАСТАПЕНОСТА НА ИНТЕРКУЛТУРАЛНИТЕ ВРЕДНОСТИ ВО СИСТЕМОТ НА СОВРЕМЕНОТО ОБРАЗОВАНИЕ И ВОСПИТАНИЕ

***Верица Јосимовска***
***Факултет за образовни науки, Универзитет „Гоце Делчев“ Штип***

***Апстракт:*** *Во мултикултурното опкружување, засновано на идеите за плурализам и интеркултурализам, важна улога има воспитно-образовниот процес. Младите се во средиштето на тој процес на кои е потребно да им се обезбедат доволно знаења, вештини и искуства со кои преку интеракција да бидат подготвени за самопочитување и почитување на другите и градење мостови спрема припадниците на разни култури.*
***Клучни зборови:*** *воспитно-образовен процес, интеркултурализам, плурализам.*

# THE PRESENCE OF INTERCULTURAL VALUES IN THE SYSTEM OF CONTEMPORARY EDUCATION

***Verica Josimovska***
***Faculty of Educational Sciences, University “Goce Delchev”Shtip***

***Abstract:*** *In a multicultural environment, based on the ideas of pluralism and interculturalism, the educational process has an important role. Young people who are at the heart of the process need to be provided with sufficient knowledge, skills and experience with which, through interaction, they will be prepared for self-esteem, respect for others, and building bridges towards persons belonging to various cultures.*
***Key Words:*** *educational process, interculturalism, pluralism.*

Префиксот „интер” укажува на просторот меѓу културите, што укажува и на сличностите и разликите меѓу култури, религии и филозофии. Додека зборот мулти (култура) значи многу (култури), но не ни го открива односот помеѓу нив (културите).
За појасно дефинирање на поимот, важно е интеркултуралноста да се издвои од мултикултуралноста, затоа што овие два поима често се мешаат. Додека интеркултуралноста претставува еден вид на индивидуално патување до места за средби со други и поинакви и кое отвара перспективи за отвореност, интерес, подготвеност за промени и личен развој, мултикултуралноста тежнее да истакне и афирмира специфични културни обележја, кои одредена етничка група ги има како свој сопствен идентитет.

Мултикултуралноста ги негува различните култури и тоа го смета за богатство и квалитет на современиот живот и не инсистира на нивна интеракција, напроти интеркултурализмот кој ги истакнува односите меѓу културите и неопходноста од нивна интеракција.

Нашето општество е мултикултурно, што може да претставува извор и место за конфликти, но може да биде и место за интеркултурални средби, односно средби на еднакво вредни култури, кои можеби со успешна интеракција би довеле до создавање на нови вредности, успешен дијалог и заемно почитување.

Интеркултурализмот во воспитувањето и образованието настојуваат да развијат современи и толерантни облици на однесување кои вклучуваат промена во свеста и ставовите. Најголеми можности за наведените промени во однесувањето се гледаат во училиштето во кое се формира и образец на општествено прифатено однесување, со оглед на тоа дека училиштето е и првиот општествен авторитет со кој се среќаваме и во кој се учиме на наведените обрасци на однесување, за подоцна повеќе или помалку да ги пренесуваме во своето опкружување.

Наставата е сложен процес бидејќи секогаш дејствува во интеракција со живи луѓе. Поради тие причини таа е непредвидлива до таа мера што никогаш во потполност не се одвива спрема „зацртаната црвена линија“ која служи како водич и упатува на активностите кои се

предвидени. Мултикултуралниот контекст во општеството упатува на нови барања на кои таа мора да одговори со нови решенија. Решенијата се во променетата улога на наставата во која учениците нема да добиваат само знаења и вештини потребни за интеркултурно однесување, туку и ќе бидат способни да се во интеракцијата со различни културни малцинства, да се однесуваат еднакво по правата и ги почитуваат нивната култура и обичаи.

Наставата претставува камен темелник во кој учениците ги воочуваат и сфаќаат односите кои се засноваат на различни култури и интеракции со многубројните културни малцинства. Интеркултуризмот е меѓу другото е еден современ облик на воспитување и образование за живот во демократско општество и културен плурализам. Интеркултуралното образование во училиштата мора да се насочи првенствено на интеракцијата, а не на апстракција. Подобро би рекле интеркултурално учење, а не интеркултурално образование. Наставата го вклучува и едното и другото и претставува камен темелник преку кој учениците добиваат образование за живот во демократија и културен плурализам, преговарања, заеднички решавање на проблеми, прилагодувања.

Интеркултуралното образование се појавува во многу проекти, облици и тоа најчесто во училиштата. Потребно е училиштето да биде место во кое, во пракса, ќе се обучат учениците да бидат граѓани со развиени способности за интеракција и комуникација со околината во која ќе се градат партнерски односи. Учениците во училиштето воспоставуваат контакти, комуницираат со своите врсници, ги доживуваат различните видови односи и преку развивање на толерантни облици на однесување во кои се вклучени и промена на свеста и ставовите ќе бидат тие кои ќе градат мостови помеѓу различните културни малцинства, кои ќе поттикнуваат вредности, знаења и почитување на обичаите од сите култури со кои доаѓаат во допир.

Затоа велиме дека интеркултуралноста од споредeн станува релевантен фактор денес и зазема значајно место во многу развиени земји во кои интеркултуралниот пристап во образованието и наставата е императив инкорпориран во образовната политика и има значајно место во сите проекти кои се занимаваат со темата за човековите права и кои имаат за цел да ги надминат предрасудите и стереотипните размислувања како и да создадат повисок степен на толеранција.

Влијанието на медиумите и комуникациската технологија сè повеќе се присутни во промените кои го одбележуват европското општество. Нивната присутност е видлива посебно во воспитно-образовниот процес во кој се менуваат потребите на ученикот и наставникот, се менува и самата настава кој настојува да ги задоволи и потребите на сите вклучени во воспитно-образовниот процес и при тоа на учениците да им обезбеди постигнување на компетенции кои ќе им бидат потребни за дејствување и живеење во демократското општество. Медиумите се извор на историски и традиционални знаења, најнови научни сознанија, технолошки иновации и уметнички достигнувања во културата, настани, вредноси ставови и насоки, верски определби. Медиумите во улога на медијатори во интеркултурната комуникација создаваат можност за размена на искуства, идеи, мисли, визии и односи меѓу различните култури.

Иако интеркултуралните содржини можат да се имплементираат во сите воспитно-образовни области и предмети, сепак некои автори сметаат дека преку историјата и географијата е најдобар начинот на учениците да им се предочи културалниот плурализам на европските општества (културното наследство, миграции, религии), да ги подготват младите за искуство во мултикултурализмот (територијалност, идентитет, разноликост) низ заедничката историја, проблеми и цели на различните европски и други земји. Веднаш по општествените науки следат и уметничките подрачја кои кај младите поттикнуваат развој и обликување на идентитетот, културална размена, но и доживување и емоционална сфера во поголема застапеност во наставата. Наставните курикулуми треба да артикулираат програми, содржини, извори и методи кои нема да придонесуваат само за стекнување на знаења но и воспитување за односите кои ги разградуваат стереотипите, предрасудите меѓу луѓето. Во таа насока и стручното усовршување на наставниците треба да понуди содржини кои поттикнуваат емоционален, интелектуален и морален развој, да стекнат одредени вештини и способноти потребни за општеството во кое дејствуваат. Наставникот треба да биде тој, кој во однос на другите треба да постигне и повисоки компетенции во познавањето на другите, нивните особености и јазик. Секој од наставниците ќе се определи за оние знаења кои му недостасуваат со што би бил компетентен за работата што ја извршува. Стручното усовршување претставува едно од најделотворните начини со помош на кој училиштата брзо реагираат на промените во општеството. Како таков, наставникот станува

поволен медиум за средба на култури, преку разликите до побогати содржини во наставата, ги интерпретира содржините на начин - преку имплементација во секојдневни ситуации.

Кога интеркултуралните содржини би биле имплементирани во сите воспитно-образовни области, на сите степени на образование и во сите предмети тогаш и не би имало потреба од посебен курикулум за интеркултурно образование. Со развивањето на интеркултуралните компетенции низ сите степени на образование, се создаваат услови и гаранции за квалитетна комуникација која е неопходна за воспоставување на квалитетни одоси за соживот во пошироката општествена заедница на секој поединец.

Интеркултуралното учење во европските држави се обраќа првенствено кон младите. Нема кампови или проекти во кои се не поттикнува дружење на млади од различни краеви. Таквиот пристап прават младите луѓе да не го превземаат традиционалниот систем на вредности во „пакет", туку да ја зајакнува нивната способност спрема својата но и другите култури и традиции завземаат критички однос. На тој начин се превенира од потенцијална асимилација и развивање на самопочитување, почитување и разбирање на сопствената култура и културата на другите луѓе.

Во таа насока се движат и активностите во образовниот процес и во нашата држава. Финансирање на реализираат проекти, односно активности што придонесуваат за развој и унапредување на мултикултурализмот, меѓуетничката интеграција и толеранција. Овие проекти, односно наставни и воннаставни ученички активности, потребно е училиштата однапред да ги имаат испланирано во Годишните програми за работа и истите да ги реализираат индивидуално, доколку се работи за училиште во кое наставата се спроведува на повеќе наставни јазици, или пак, во партнерство со некое друго училиште од истата или друга општина.

Може да се заклучи дека интеркултуралното учење ќе создаде подобри услови за идниот активен граѓанин, ќе ја намали исклучителноста, ќе ја зголеми толерантноста, ќе ја развие културата на говорот, почитување на националниот и етнички идентитет, јазик, сопствена историја и ги става во активен и конструктивен однос со другите.

**Литература:**


- Bognar, L. (2008.): Interkulturalizam i civilno društvo. Прочитано на 20.2.2010. од: http://ladislavbognar.net/drupal/files/Interkulturalizam%20i%20civilno%20dru%C5%A1tvo.pdf
- Bognar, L. (2007.): Mladi i vrijednosti u procesu društvenih promjena. Прочитано на 30. 5. 2010. од http://ladislav-bognar.net/drupal/files/Vrijednosti.pdf
- Intercultural Education in the Primary School, Прочитано на 20.2.2010. http://www.ncca.ie/uploadedfiles/Publications/Intercultural.pdf
- Петровски, В. Мирасчиева, С. (2013) Мултикултуризам и интеркултурална комуникација. Штип: УГД